Република Македонија
Министерство за финансии
Царинска управа

[redacted]

**Предмет:** Одговор по Нацрт извештај за извршена ревизија на успешност

**Врска:** Нацрт извештај за извршена ревизија на успешност број 11-251/2 од 06.02.2015

Бр. 02-010942/15-0002
Скопје, 06.03.2015 год.
01.10.00.УП.001.03-ОБ.06.03

09. 03. 2015

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Примено: 09.03.2015
Орг. единица | Број 11-251 | Прилог 3 | Вредност

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЦАРИНСКА УПРАВА ЦАРИНА • CUSTOMS

Царинска управа
Централна управа

Лазар Личеноски 13
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk

Архивски знак ______
Рок на чување ______
______ 20 __ год.
Потпис. ______

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**М-р Цвета Ристовска**
**Овластен државен ревизор**

Почитувани,

Царинската управа постапувајќи по дадените рокови, дадени со Дописот за доставување на Нацрт извештај го дава следното мислење во врска со Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност: Нацрт извештајот е реално и објективно изготвен и ја прикажува вистинската состојба во врска со условите за функционирање на граничните премини во Република Македонија.

Во врска со дадените препораки, ве информираме дека Царинската управа истите ги прифати и ги презема сите потребни активности за нивна целосна реализација.

Имено, по препораката број 1 – “Царинската управа во соработка со надлежните институции да преземе мерки и активности за отпочнување на постапка за измена и дополнување на Законот за Царинската управа во насока на обезбедување на Законски основ за донесување на подзаконски акт со кој поблиску ќе се уредат минималните стандарди за материјално-технички средства, опрема и просторно сместување според категоризацијата на граничните премини”.

Измените за Законот за Царинската управа со кои се добива законски основ за донесување на подзаконски акт со кој поблиску ќе се уредат минималните стандарди, се донесени и објавени во Службен весник на РМ бр.33/2015 од 05.03.2015 година.

Донесување на единствен акт за минимални стандарди не е возможно од причина што надлежностите на Царинската управа, Министерството за внатрешни работи и другите служби присутни на граничните премини се различни и согласно тоа различни се и потребите од стандарди и нормативи за уредување на објектите кои ги користат.

По препораката број 2 –“Надлежните органи во Царинската управа да продолжат со отпочнатите мерки и активности

[redacted]

заради навремено спроведување на барањата утврдени во стратешките документи, со цел остварување на мисијата и визијата за реалзиација на утврдените цели кои ќе се остварат и определените стратешки приоритети", за реализација на активностите од Стратешките планови, Царинската управа изработува Акциони планови. Реализацијата на Акционите планови континуирано се следи и се дискутира на седниците на Колегиумот на Царинска управа, во чиј состав е високото раководство.

Во однос на делот од препораката каде што се констатирани помали задоцнувања во реализацијата на активностите во НПАА, сметаме дека истата би можела да се преформулира со цел да се даде насока за делување во иднина. Имајќи ја превид анализата на состојбата со активностите за реализација на задачите во НПАА (во прилог) истата би можела да гласи:
„При изработката на плановите за реализација на НПАА како и стратешките цели на Царинска Управа на РМ да се имаат предвид ресурсите кои се на располагање и процедурите кои треба да се почитуваат при носењето на закони и акти".
Во врска со реализацијата на активностите во НПАА направена е анализа на состојбата со активностите за реализација на задачите во НПАА за што ви доставуваме доказ – Прилог 2 – Анализа на реализацијата на задачите од НПАА во 2014 година.

По препораката број 3 –"Од аспект на можностите за обезбедување на услови за подобрување на состојбите при креирање, донесување и реализација на мерки, политики и конкретни проекти за подобрување на условите за функционирање на граничните премини за патен сообраќај. Потребно е одговорните лица во Царинската управа активностите да ги насочат кон континуирано обезбедување на средства за градење, постапување, пренамена и реконструкција на објекти на граничните премини, како и за поправки и тековно одржување на истите". Во оваа насока Царинската управа во континуитет презема активности за реконструкција на објектите и инфраструктурата на граничните премини за патен сообраќај со цел подобрување на функционалноста на истите. За таа цел, Царинската управа обезбеди финансиска поддршка од ИПА програмата во износ од 2,6 милиони евра за надградба на граничните премини Табановце и Ќафасан, со што ќе се овозможи зголемена пропусна моќ на премините за стокови пратки, намалено време потребно за вршење на граничните формалности, подобрена инфраструктура за

примена на современи средства за инспекција, ќе се забрза и олесни стоковата размена преку едни од најфреквентните гранични премини.

По препораката број 4 –"Одговорните лица во Царинската управа во соработка со Министерството за внатрешни работи да преземат активности за натамошно подобрување на целокупната состојба на граничните премини во однос на негова материјално техничка опременост. Преку анализа и одредување на приоритети одобрените буџетски средства да се користат на таков начин што би се постигнала подобра опременост се со цел за подобрување на условите на граничните премини", Царинсакта управа постојано преку соодветни анализи и согласно одобрените буџетски средства постојано презема активности за подобрување на условите на граничните премини, за што ви доставуваме доказ – Прилог 4 – слики од нова полициска кабина за пасошка контрола на ГП Јажинце, поставени нови клима уреди на ГП Блаце патнички, поставување на нова сигнализација на ГП Дојран , Богородица, Меџитлија.

По препораката број 5 –"Одговорните лица во Царинската управа во соработка со надлежните институции да продолжат со отпочнатите активности/постапки за запишување на правата на недвижностите на граничните премини за патен собраќај".

Регулирањето на имотно-правните односи за земјишта и објекти на граничните премини, првенствено зависи од постојните и идните урбанистички планови, односно дали на нивното место се предвидени нови содржини и објекти кои се од јавен интерес за РМ и по тој основ би можело да се иницираат постапки за експропријација или пак постојните објекти се задржани како такви и не постои правен основ за нивна експропријација.

Царинската управа во прилог на регулирање на имотно-правните односи за недвижностите во опфатот на граничните премини во претходниот период има иницирано донесување на нови урбанистички планови и архитектонско урбанистички проекти и тоа за следните гранични премини: Табановце, Блаце, Делчево, Ново Село, Стар Дојран, Меџитлија, Ќафасан за што ви доставуваме доказ – Прилог 5 –„Информација за имотно правни работи во врска со заклучоците од точка 74 од Нацрт –

[redacted]



записникот од Триесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 18.11.2014 година.

По <u>препораката број 6</u> – Заради обезбедување на координација и соодветна соработка помеѓу Царинската управа и институциите кои извршуваат активности на граничните премини за патен сообраќај потребно е:
-да се склучат меморандуми/договори за соработка со сите институции инволвирани во функционирањето на граничните премини ;

-Царинската управа во соработка со надлежните институции да преземе мерки за итна и неодложна дислокација/преземање на одземените стоки од страна на Агенцијата за управување со одземен имот;

Во однос на став 1 од препорака 6 Царинската управа има склучено меморандуми/договори за соработка со сите институции инволвирани во функционирањето на граничните премини.

Меморандумот со Државниот инспекторат за транспорт е склучен во јануари 2014 година за што ви доставуваме доказ – Прилог 6.

Во однос на став 2 од препорака 6, каде на Царинската управа и е препорачано во соработка со надлежните институции да преземе мерки за итна и неодложна дислокација/преземање на одземените стоки од страна на Агенцијата за управување со одземен имот, информираме дека по донесување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (Службен весник на РМ бр.98 од 04.08.2008), кога надлежноста над одземените предмети во кривична и прекршочна постапка од Царинска управа преминаа на Агенцијата за управување со одземен имот (АУОИ), Царинската управа дава висок приоритет на проблемот со сместувањето и чувањето на одземените стоки и во континуитет презема активности со давање логистичка и административна подршка за преземање на стоките од страна на Агенцијата (организира транспортот, манипулирање, чување на стоката), се со единствена цел расчистување на состојбата во магацините и ослободување на простор за сместување на ново одземени стоки.

[redacted]



По донесување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка во месец април 2010 година, меѓу Царинската управа и Агенцијата за управување со одземен имот склучен  Меморандум за меѓусебно разбирање и соработка во постапувањето со одземени предмети во прекршочна и кривична постапка. Прилог 6-1, Меморандум.

Во изминатиот период од 6 години ЦУРМ согласно законот и меморандумот за разбирање и соработка перманентно ја известува АУОИ за секоја поединечна заплена и ја повикува да ја преземе стоката. и покрај сите известувања и интервенции испратени до АУОИ за преземање на итни активности за преземање на одземените стоки, стоките континуирано не се преземаат од страна на Агенцијата со дадено образложение дека немаат услови односно немаат доволно финансиски средства, вработени, транспорт и магацински простории за нивно сместување и чување.

Во тек се исто така интензивни активности за спроведување на постапка на уништување на стока која согласно член 59 од Законот за управување со конфискуван имот задолжително се уништува од страна на Комисија формирана од министерот за правда (алкохол, цигари, .........). Со оваа активност планирано е да се уништат околу 2,3 милиони парчиња конечно и привремено одземена стока.

Имајќи го предвид горенаведеното, како и реализацијата на дадените препораки, Ве информираме дека Царинската управа ќе продолжи и понатаму да презема мерки и активности во насока на унапредување на условите за функционирање на граничните премини во Република Македонија.

Ја користиме оваа прилика да Ви обрнеме внимание дека на повеќе места во Нацрт извештајот се споменува „Одлука за категоризација, обем на користење и работно време на граничните премини". Заради правно-редакциска прецизност предлагаме да се промени, наместо Одлука треба да биде Уредба за категоризација, обем на користење и работно време на граничните премини, како што е точниот назив на овој акт.

[redacted]

Со почит,

**Наташа Радеска Крстевска**
**Директор**

Прилог:

- Прилог 1 – Доказ по препорака број 1,
- Прилог 2 – Доказ по препорака број 2,
- Прилог 3 – Доказ по препорака број 3,
- Прилог 4 – Доказ по препорака број 4,
- Прилог 5 – Доказ по препорака број 5,
- Прилог 6 – Доказ по препорака број 6

Изработил: Зоран Петковски

Согласен: Јово Цутески